**20170330537**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 16 став 3 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија” бр. 07/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15 и 39/16), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## РИБОЛОВНА ОСНОВА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РИБОЛОВНАТА ОСНОВА ЗА РИБОЛОВНА ВОДА „АКУМУЛАЦИЈА ТИКВЕШКО ЕЗЕРО” ЗА ПЕРИОД 2013-2018 ГОДИНА

1. Во Риболовната основа за риболовната вода „Акумулација Тиквешко Езеро” за период 2013 -2018 година („Службен весник на Република Македонија” бр. 148/12 и 225/15) во точката 7 потточката 7.1. се менува и гласи:

„Акумулацијата Тиквешко Езеро може да се користи за аквакултурно одгледување на видовите риби кои се присутни во акумулацијата, во кафези, на целата површина.

Производството на риба во акумулацијата Тиквешко Езеро во кафези се движи од 5 до 35 kg по 1 m3 волумен на вода во зависност од видот на рибата која се одгледува и технологијата на одгледување. Максималниот капацитет за аквакултурно одгледување на риби во акумулацијата Тиквешко Езеро на годишно ниво се определува на 2.400 t риба, во максимален инсталиран волумен кафези со различна форма (типови) и димензии од 70.000 $m^3$.”

Потточката 7.2. се менува и гласи:

„Локациите и капацитетите на постоечките рибници во акумулацијата Тиквешко Езеро кои се запишани во регистарот на одгледувачи на риби се наведени во табелата 7 - а.

Табела 7 - а. Локација и капацитет на постоечките објекти

| Назив | Вид на риба која се одгледува | Проектиран капацитет | Локација |
|---|---|---|---|
| Акватика ДООЕЛ | крап, сом | 70 t | акумулација |
| Дошница ДООЕЛ | крап, сом | 45 t | акумулација |
| Верна фиш ДООЕЛ | крап | 35 t | акумулација |
| Рибар МГ ДООЕЛ | крап | 15 t | акумулација |
| Ти Крап ДООЕЛ | крап | 50 t | акумулација |
| Златен Крап ДООЕЛ | крап | 40 t | акумулација |
| Агро Росоман ДООЕЛ | крап | 25 t | акумулација |
| Павенс шпед | крап, сом | 45 t | акумулација |
| Трио Боја ДООЕЛ | крап | 22 t | акумулација |
| Марти Трејд ДООЕЛ | крап | 30 t | акумулација |
| Жик Бор ДООЕЛ | крап | 18 t | акумулација |
| Бо-Ри ДООЕЛ | крап, сом | 50 t | акумулација |
| Кам Ви ДООЕЛ | крап | 10 t | акумулација |
| Аквакип ДООЕЛ | крап | 12 t | акумулација |
| Баррон ДООЕЛ | крап | 40 t | акумулација |
| Салмо трејд ДООЕЛ | крап | 20 t | акумулација |
| Мапс Пром ДООЕЛ | крап | 12 t | акумулација |
| Аква фуд ДООЕЛ | крап | 20 t | акумулација |
| Аква фиш ДООЕЛ | крап | 20 t | акумулација |
| Сафари Македонија | крап, сом | 15 t | акумулација |
| Николиник Тик ДООЕЛ | крап | 8 t | акумулација |

2. Оваа риболовна основа се објавува во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 14-1892/4
10 март 2017 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
м-р **Михаил Цветков**, с.р.